**Б. Потребна документација која налогодавачот физичко лице ја доставува до банката за ПЛАЌАЊЕ ВО СТРАНСТВО:**

| Ред бр | Вид на трансакција | Документ |
|---|---|---|
| **1.** | **Плаќање од сметка на резидент во корист на нерезидент по основ на тековни трансакции** | Резидентот доставува:<br>- ЕЦД- за плаќање по основ на увезени стоки, склучен договор, фактура, профактура или друг документ соодветен за конкретната работа |
| **2.** | **Директни инвестиции** | |
| **2.1** | **Плаќање од резиденти на нерезиденти по основ на вложувања на нерезиденти во земјата** | |
| | **-** плаќање по основ на повлекување на капитал на нерезидент од продажба на акции во домашно друштво на резидент во земјата | Резидентот доставува:<br><br>1. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централен регистар на Република Северна Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција |
| | - плаќање по основ на повлекување на капитал на нерезидент од продажба на удели во домашно друштво на резидент во земјата | Резидентот доставува:<br><br>1. договор за купопродажба на удели<br>2. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Северна Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција |
| **2.2** | **Плаќање од сметка на резидент на нерезидент по основ на вложувања на резиденти во странство** | |
| | - плаќање за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво во мешовити друштва | Резидентот доставува:<br>- договор за вложување потврден од нотар<br>- или извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |
| | плаќање за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво во целосна сопственост на резиденти | - акт за основање на друштвото потврден од нотар<br>- или извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |
| **3.** | **Плаќање за КУПУВАЊЕ НЕДВИЖНОСТ** | |

| | | |
|---|---|---|
| **3.1** | **Плаќање врз основа на купување на недвижност во Република Северна Македонија** која ја поседувал нерезидентот како и за плаќање на доход од недвижноста во сопственост на нерезидент | Резидентот доставува:<br>1. доказ за извршен упис во регистерот на недвижности на нерезиденти при Централниот регистар на Република Северна Македонија |
| **3.2** | **Плаќање врз основа на купување на недвижност во странство(**согласно со член 11 од Законот за девизно работење) | Резидентот доставува:<br>-договор или друг документ со кој се стекнува недвижноста |
| **4.** | **Плаќање за ПОРТФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ** | |
| **4.1** | - за вложување на резиденти во хартии од вредност во странство (портфолио-инвестиции) | Резидентот доставува:<br>**-**Налог за извршување трансакција даден на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност/овластен учесник на странска берза или организиран пазар на хартии од вредност или<br>-Друг документ со кој може да се потврди трансакцијата |
| **4.2** | **-** за вложување на резиденти во хартии од вредност во странство (портфолио-инвестиции) од своја сметка во земјата на своја сметка во странство | Резидентот доставува:<br>**-**Налог за извршување на трансакцијата или<br>-Извештај за извршена трансакција или<br>-Договор или друг документ со кој може да се потврди трансакцијата или<br>-Соодветен документ со кој може да се потврди воспоставувањето деловен однос меѓу резидентот и овластениот учесник на странска берза или на организиран пазар на хартии од вредност |
| **5.** | **Плаќање за КРЕДИТНИ РАБОТИ** | |
| | **- за плаќање на главнина и камата по земени кредити од нерезиденти** | Резидентот доставува:<br>- кредитна пријава од Народна банка на РСМ за кредитни работи кои се предмет на поединечно известување |
| | **- за плаќање по основ на дадени кредити на нерезиденти** | - договор со нерезидентот |
| **6.** | **Еднострани ЛИЧНИ ТРАНСФЕРИ во странство на домашни физички лица на средства до 2.500 ЕУР месечно кои се однесуваат на семејни животни трошоци( престој во странство заради школување,лекување и други трошоци), како и за лични трансфери** | Без презентација на документи доволна е информација за основот на плаќањето |
| **7.** | **Плаќања на средства на физичко лице од негова сметка во домашна банка на негова сметка во странска платежна институција или институција за електронски пари – само за комерцијални цели односно за купување на стоки или услуги по електронски пат не смее да надминат ЕУР 2.500 по лице на месечна основа** | Резидентот доставува:<br>-Изјава од која се утврдува основот на трансакцијата |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **Еднострани ЛИЧНИ ТРАНСФЕРИ во странство на домашни физички лица на средства поголеми од 2.500ЕУР** | |
| **8.1.** | **-За плаќање врз основа на семејни заеми, подароци и мираз** | Физичкото лице резидент доставува:<br>- договор заверен на нотар |
| **8.2.** | **- За плаќање врз основа на наследство** | Физичкото лице резидент доставува:<br>-судска или извршна исправа |
| **8.3.** | **- За плаќање врз основа на завештанија** | Физичкото лице резидент доставува:<br>-завештаен тестамент заверен од надлежен суд и правила(статут) за користење на завештанието |
| **8.4.** | **-За плаќање врз основа на намирување на долгови на доселеник кон матична земја** | Физичкото лице резидент доставува:<br>-документ за ненамирен долг издаден од матичната земја |
| **8.5.** | **-За плаќање врз основа на пренос на средства на иселеник во странство** | Физичкото лице резидент доставува:<br>-иселеничка виза |
| **9.** | **Еднострани ЛИЧНИ ТРАНСФЕРИ на домашни физички лица со постојано место на живеење во РСМ на средства во корист на сопствена сметка во странска банка (само во земја од каде има добиено важечки документ за престој или важечка странска патна исправа)**<br>**Земјите коишто се дел од единствената област за плаќање во евра - СЕПА се сметаат како единствена земја** | Физичкото лице резидент доставува:<br>-важечки документ за престој во странство во траење од 6 месеци и повеќе<br>(како важечки документ се смета:<br>- документ издаден од надлежен орган во државата со којшто се регулира престојот во земјата, или<br>- важечка странска патна исправа со податоци за живеење во странство издадена во земјата каде е отворена сметката)<br>Доколку во патната исправа нема наведено адреса на живеење, местото на живеење се утврдува врз основа на писмена изјава од комитентот.Оваа изјава не се прифаќа за соседните земји. |
| **9.1** | **Трансфер на средства од сметка на физичко лице во домашна банка на негова сметка во странска банка** по основ на плаќање на трошоци на недвижен имот во странство стекнат во сопственост на резидент | Резидентот доставува:<br>- потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија за извршен упис во регистарот на недвижности на резиденти во странство<br>-соодветен документ за плаќање на трошоци* |
| **10.** | **Трансфер на средства од сметка на физичко лице во домашна банка на негова сметка во странска банка** по основ и за потребите на образование | Резидентот доставува:<br>-документ издаден од надлежна странска образовна институција,странски надлежен орган,дипломатско-конзуларно претставништво на странска земја во РСМ ** (со кој се потврдува дека за издавањето документ за регулиран престој во таа држава заради образование,резидентот претходно треба да отвори сметка во странска банка и да дозначи точно наведен износ на средства на сметката) |
| **11.** | **Пренос на средства од физичко лице со сметка во СБ на негова сметка во странска банка во** по други основи | Резидентот доставува:<br>-Одобрение од НБРСМ за отворање на сметки во странски банки (во согласност со Одлуката за начинот и условите под кои резидентите кои не се овластени банки може да отвораат и имаат сметки во странство) |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Плаќање по основ на извршна исправа** | |
| | -резидентот плаќа | Резидентот доставува:<br>- извршно решение |
| | **-**присилно плаќање | Овластен извршител доставува:<br>- налог 1450 (како налогодавач се наведува должникот а потпис и печат става извршителот)<br>- налог за извршување<br>- извршно решение |
| | -Кај плаќањата за капитални трансакции врз основа на извршна исправа и присилно плаќање врз основа на извршна исправа | Резидентот доставува:<br>- извршно решение<br>- налог за извршување<br>-доказ од надлежен орган дека се намирени законски пропишаните обврски врз основа на даноци и придонеси кон државата, ако за основната работа за која настанала обврската за плаќање е предвидено приложување на таков доказ |

*** трансферот може да се изврши само во земјата каде што се наоѓа недвижниот имот до висината на износот на трошоци.**
**** сметката отворена врз оваа основа може да се отвори само во земјата од којашто е издаден документот од надлежна странска образовна институција,странскиот надлежен орган,дипломатско-конзуларното претставништво на странска земја во РСМ**